Овластено лице за инф. од ј. карактер Сања Стојановска 23.09.2025

( Образец ПП……)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

| Примено: 23.09.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 25 | 1254/1 | | |

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______
______ 19__ год.
Ранковце

**До:** Министерство за локална самоуправа

**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Информации за спроведувањето на мерките во склоп на Националната стратегија за млади 2023–2027, Акциски план 2023–2025:

- „Донесување на одлука на Влада/МЛС за воведување локален фонд/буџет од страна на општините за менструална хигиена во основните и средните училишта" (септември – декември 2023). Дали е донесена ваква одлука, и доколку е, да се достави копија од документот.

Информации за спроведувањето на мерката:

- „Набавка и дистрибуирање на продуктите за менструална хигиена до крајните корисници во основните и средните училишта" (јануари 2024 – декември 2025).
- Кои активности досега се преземени за спроведување на оваа мерка, на кои општини/училишта се однесува, и дали постојат извештаи или записници од состаноци/работни групи.
- Податоци за **процентот на општини** кои до 2025 година издвојуваат буџет за менструална хигиена во основните и средните училишта (почетна и моментална вредност).Доколку постојат, извештаи или документи за бројот на девојки кои досега се опфатени со мерката.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 20.08.2025 година .** ________________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-1254/2
08.10.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), а по овластување на Градоначалникот на Општина Ранковце, согласно Решение број 08-232/1 од 13.02.2024 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце преку Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 08.10.2025 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од [redacted] поднесено до Општина Ранковце, заведено под бр. 25-1254/1 од 23.09.2025 година **СЕ УВАЖУВА**.

***ОБРАЗЛОЖЕНИЕ***

До Општина Ранковце доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации [redacted] кое е примено на 23.09.2025 година и заведено под бр.25-1254/1, со кое Брателот бара преку е-маил да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

Информации за спроведувањето на мерките vo склоп на Националната стратегија за млади 2023-2027, Акциски план 2023-2025:

- ,,Донесување на одлука на Влада/МЛС за воведување локален фонд/буџет од страна на општините за менструална хигиена во основните и средните училишта" (септември-декември 2023). Дали е донесена ваква одлука, и доколку е, да се достави копија од документот.

Информации за спроведувањето на мерката:

- ,,Набавка и дистрибуирање на продуктите за менструална хигиена до крајните корисници во основните и средните училишта" (јануари 2024 – декември 2025).
- Кои активности досега се преземени за спроведување на оваа мерка, на кои општини/училишта се однесува, и дали постојат извештаи или записници од состаноци/работни групи.
- Податоци за **процентот на општини** кои до 2025 година издвојуваат буџет за менструална хигиена во основните и средните училишта (почетна и моментална вредност). Доколку постојат, извештаи или документи за бројот на девојки кои досега се опфатени со мерката.

Постапувајќи по наведеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце врз основа на информациите со кои располага, а имајќи ја предвид горенаведената одредба од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во прилог на ова Решение, на Барателот [redacted] му се доставува следната информација:

Информации за спроведувањето на мерките vo склоп на Националната стратегија за млади 2023-2027, Акциски план 2023-2025:

- Во Општина Ранковце не е донесена одлука за воведување локален фонд/буџет од страна на општините за менструална хигиена во основните и средните училишта.

Информации за спроведувањето на мерката:

- Не е спроведена набавка и дистрибуирање на продуктите за менструална хигиена до крајните корисници во основните и средните училишта (јануари 2024 – декември 2025)
- Досега не се преземени никакви активности за спроведување на оваа мерка.
- До 2025 година општината не издвојува буџет за менструална хигиена во основното училиште.

Со оглед на инзесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Општина Ранковце**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Сања Стојановска**

Сања

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25 - 1254/3
08.10.2025 год.
РАНКОВЦЕ

**До**
[redacted]

**Предмет: Достава на информација**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето Барање за пристап до информација од јавен карактер кое е заведено под број 25-1254/1, од 23.09.2025 година со кое барате од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да Ви биде доставено во електронски запис на е-маил определена информација, Општина Ранковце донесе Решение со кое го уважи Вашето барање и констатира дека бараната информација е информација од јавен карактер и Ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека бараната информација е информација од јавен карактер и ќе биде доставена во бараната форма и тоа:

Прилог:

- Решение бр. 25-1254/2 од 08.10.2025 година

**Со почит,**

**Општина Ранковце**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Сања Стојановска**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ РАНКОВЦЕ